РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2154/2
20-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36 - та седница одржана на ден 20.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

СЕ ОТФРЛА пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси, заведена под број 09-2154/1 од 08.06.2026 година, поднесена против ----------, претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ ----------.
Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека не постојат законски основи за постапување во предметниот случај, бидејќи пријавеното лице не е службено лице.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 08.06.2026 година, од страна на непознат подносител е поднесена пријава против ----------, претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ -------. Во пријавата се наведува дека го поставил неговиот брат, лицето --------, за командир на Полициската станица --------.
По разгледување на наводите изнесени во пријавата, ДКСК утврди дека пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно кој под поимот „службено лице“ се подразбираат избрани или именувани лица и вработени во јавниот сектор кои вршат работи од јавен интерес.
Согласно членот 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во конкретниот случај, пријавеното лице ја извршува функцијата претседател на општински комитет на политичка партија, која претставува внатрепартиска организациска функција и не претставува јавна функција во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со самото вршење на оваа функција, лицето не стекнува својство на службено лице согласно член 8 став (2).

Имајќи предвид дека постапката за утврдување судир на интереси може да се води само во однос на службени лица, а пријавеното лице не поседува таков статус, ДКСК оцени дека не постојат законски претпоставки за водење постапка по предметната пријава.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор